ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 01-1681/1
12.03.2025 год.
ВЕЛЕС

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

за 2024 година

Институција/ Претпријатие/ Организација:

Јавно претпријатие за водостопанство „ Лисиче „ Велес

Период: од 01.01.2024 – 31.12.2024 год.

Вкупна вредност: **53.590.000,00** ден.

Рекапитулар на вкупно предвидени средства по Годишната инвестициона програма за 2024 година

р.б.	Опис на позициите	прв квартал	втор квартал	трет квартал	четврт квартал	Вкупно
1.	Вкупно инвестициони работи за двата сектора	**830.000**	**960.000**	**4.190.000**	**1.340.000**	**7.320.000**
2.	Вкупно трошоци за тековно работење по Финансискиот план за 2024 год.	5.730.000	5.855.000	6.925.000	6.290.000	**24.800.000**
3.	Отплата на главнина по кредитот од странство	10.300.000		10.310.000		**20.610.000**
4.	Отплата на камата по кредит од странство	430.000		430.000		**860.000**
	СЕ ВКУПНО:	**17.290.000**	**6.815.000**	**21.855.000**	**7.630.000**	**53.590.000**

Вовед

- **Основна дејност на претпријатието:**

Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче" е основано во 1991 година, со основна цел водење на инвестицијата за изградба на ХС "Лисиче". Се до 1998 година, односно до донесувањето на Законот за води, тоа работи како самостоен правен субјект. Според Законот за води, претпријатието од 07. 07. 2001 год. формално правно функционира како подружница во склоп на ЈВП „Водостопанство на Македонија", но долго не останува во составот на единствениот водостопански систем во државата. Со Одлука на Владата на Република Македонија бр.23-4371/1 од 24. 07. 2001 год. ЈПВ "Лисиче" се основа како посебно јавно претпријатие за водостопанство, кое го наследува имотот и вработените на подружницата. Суштината на ваквата трансформација е во овозможувањето на поефикасно и поекономично водење на инвестицијата.

Денес, функционира како правен субјект, јавно претпријатие во државна сопственост кој управува со Браната со придружните објекти Лисиче и стопанисува со водите од истоимената акумулација. Согласно основачкиот акт на Владата на РМ и Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, претпријатието има приоритетна дејност со шифра 36.00: „Собирање, обработка и снабдување со вода".

Основна дејност на ЈПВ Лисиче-Велес е да ги обезбеди потребните количини сурова вода наменета за водоснабдување на градот Велес и околните населени места. Нејзината реализација се извршува преку акумулирање на водите од реките Тополка и Врановска во акумулацијата Лисиче и испорака на потребните количини на сурова вода преку доводниот цевковод до Фабриката за преработка на вода во градот Велес.

Локацијата на која се наоѓа браната е на територијата на општина Чашка, во близина на селото Лисиче, на оддалеченост од околу 27 километри од Велес.

Со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие Лисиче-Велес бр.51-3700/1 од 26.07.2011 година, донесена од Владата на Република Македонија, дадена е на управување Акумулацијата „Младост" и бетонската брана „Отовица" со главниот потисен цевковод и делничниот цевковод.

Седиштето на претпријатието е на ул. Вардарска бб во Велес.

- **Визија, мисија, цели**

Хидросистемот Лисиче е повеќенаменски објект за водоснабдување на населението во градот Велес и околните населени места, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на земјоделските површини по течението на река Тополка на 4.175 ха , како и наводнување од акумулацијата Младост на уште 1.600 ха од левата страна на реката Вардар.
Со оваа функција ќе се постигне редовно снабдување на населението со чиста вода за пиење, обезбедување на биолошки минимум на реката Тополка, ревитализација на езерото Младост и подобрување на микроклимата во регионот.Потребно е да се довриши изградбата на втората и третата фаза од хидросистемот, а тоа е изградба на хидромелиоративниот систем за наводнување, изградба на колекторски систем и пречистителни станици на реките Тополка и Врановска, како и изградба на три мали хидроцентрали за производство на електрична енергија.
Истовремено, предвидени се и инвестициски активности, кои се неопходни не само да се обезбеди континуитет во квалитетот на водната услуга која се реализира согласно постојните стандарди и актуелни законски прописи, туку и за да се обезбеди нејзино подобрување, осовременување, зголемување на ефикасноста во работењето, како и унапредување и заштита на животната средина.

План на активности

- По сектори согласно систематизацијата
    - За секој сектор вклучително динамика на реализација и трошоци

1.1. Тековни економски политики

ЈПВ Лисиче Велес, тековната економска политика ја усогласова со своето финансиско и тековно инвестиционо работење, кое е определено согласно позитивните законски прописи на ниво на државата, Статутот и актите на претпријатието , како и други важечки одредби и правни норми кој се во сила и истите се во функција за придонесување на стабилен економски развој.
Согласно одредбите на Законот за јавни претпријатија и актите на претпријатието, ЈПВ Лисиче Велес има обврска да изготви Годишна инвестициона програма за работа и Финансиски план за секоја наредна година, но исто така потребно е да се изготват и среднорочни и долгорочни планови за развој.

1.2. Регионален и одржлив развој

Хидросистемот Лисиче кој предвидува целосна изграденост вклучително со сите три фази на изградба, да опфати површина за наводнување од вкупно околу 4.000 до 5.000 хектари, кој се протегаат од течението на реката Тополка од акумулацијата на брана Лисиче, па се до левата страна на реката Вардар, односно од акумулацијата на езерото Младост. Со тоа ќе се создадат услови за развој на земјоделието и индустријата, ќе се подобри микроклимата во регионот и ќе се збогати флората и фауната во самите акумулации.
За периодот 2021 – 2023 год. ЈПВ Лисиче изработи среднорочен Бизнис план , каде што покрај искористување на водните ресурси за испорачани услуги за вода за пиење и испорака на вода за наводнување, се предвидени и сите инвестициони активности кој треба да се реализираат во тој период.

1.3. Следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународна заедница

ЈПВ Лисиче Велес како јавно претпријатие основано од Владата на Република Македонија, има обврска да ја следи редовно државната стратегија, стратешките планови и програми, препораки и насоки на делување, краткорочни и среднорочни планови и проекти, акциони планови, тековните и економски политики и истите ги прилагодува согласно донесените одлуки и заклучоци.

1.4. Структурни реформи и регулатива

Со донесувањето на Законот за утврдување на цените на водните услуги (Службен весник на РМ бр. 7/2016) , како и Методологијата за определување на тарифите на водна услуга (Службен весник на РМ бр. 63/2017) , се изработи Бизнис план за водни услуги на ЈПВ Лисиче 2024 – 2026 год., пропратен со соодветни табели согласно донесената методологија за утврдување на цената на суровата вода за пиење во наредните три години. По доставувањето на барањето за утврдување на тарифа за водни услуги до Регулаторната комисија за енергетика и изработениот Бизнис план за водни услуги за регулиран период 2024 -2026 год. ни беше доставено Решение за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението , врз основа на согласноста од Владата на РМ за Ценовникот за висината на цената на сурова вода, за 2024 год. добивме утврден износ на минимална тарифа за водни услуги во износ од 4.48 ден./м3, односно просечна тарифа од 6,01 ден./м3 , за 2025 год. минималната тарифа изнесува 4,51 ден./м3, а просечната тарифа е 6,02 ден./м3, додека за 2026 год. минималната тарифа изнесува 4,55 ден./м3 а просечната тарифа 6,03 ден./м3 без пресметан ДДВ од 5%.

1.5. Јавно приватно партнерство и инвестиции

Треба посебно да се истакне нашата заложба за изградба на мали хидроцентрали кој се составен дел на хидросистемот во целина, која дејност е најдоходовна, временскиот интервал за поврат на инвестицијата е краток, така да со оваа инвестиција значително ќе се подобри финансиската состојба на претпријатието.

Во таа насока, согласно веќе изработената Физибилити студија за енергетско искористување на водите од Хидросистемот Лисиче, планираме во 2019 година согласно препораките на Владата на РМ да се отпочне со постапка за Јавно приватно партнерство за изградба на две мали хидроцентрали на постојниот хидросистем и тоа МХЕЦ Врановска и МХЕЦ Биолошки минимум. Препорака на Владата на РМ е да се стават во мирување овие активности.

Со имплементација на проектот финансиран преку KFW банката за довршување на втората и третата фаза, предвидено е да се изградат три мали хидроцентрали и тоа: МХЕЦ на река Врановска, МХЕЦ Биолошки минимум и МХЕЦ Водоснабдување.

1.6. Стручно-оперативна поддршка

Во рамките на ЈПВ Лисиче-Велес се користи информационот сметководствен програм *Luca* од фирмата Комсофт од Скопје со следните модули: финансиска оперативa, главна книга, магацинска евиденција, материјално книговодство, плати и основни средства, како и Синоптик системот за следење и регулирање на нивото, дотокот и испустот на вода од акумулацијата на брана Лисиче.

Карактеристики на сметководствениот програм од Комсофт и неговите модули:

- *Финансиска оперативa*-внес на аналитика на побарувања и обврски;
- *Главна книга*-налози за книжење поврзано со финансиска оперативa, плати, основни средства, трошоци, приходи, подготовка на извештаи;
- *Магацинска евиденција*-аналитика на влез и излез на материјали;
- *Материјално книговодство*-поврзување на документите од магацинска евиденција со аналитика на магацин и главна книга;
- *Плати*-внес на податоции изработка на плата;
- *Основни средства*-внес на основни средства, амортизација, расход.
- *Попис и расходување на основни средства, ситен инвентар, репроматеријали и резервни делови.*

Модулите даваат можност за финансиски показатели и информации од дневен, неделен, месечен и периодичен карактер и се неопходна основа при изработката на тромесечни, шестмесечни и годишни извештаи за работењето, кои се доставуваат до надзорниот и управниот одбор на претпријатието, како и до неговиот основач - Владата на Република Македонија.

1.7. Човечки ресурси и кадрова политика

Во ЈПВ Лисиче-Велес постојат два сектора:

- Технички сектор
- Сектор за финансиски, правни и општи работи

Вкупниот број на вработени на неопределено време заклучно со 31.12.2024 година е 25 лица и по договор за дело 1 лице.

Во Правилникот за систематизација на работните места предвидени се вкупно 32 работни позиции или 49 извршители за кој во наредниот период планираме дел да бидат пополнети со нови вработени, додека дел ќе се пополнат со унапредување на вработените.
Функционалните области во рамки на двата сектора ги сочинуваат:

- Финансии и сметководство
- Управување со човечки ресурси и општо правни работи
- Спроведување на постапки за јавни набавки
- Градежништво и водостопанство
- Електро машински работи
- Микробиолошка и физичко хемиска лабораторија
- Контрола и следење на Синоптик опремата
- Одржување, обезбедување и помошни работи на објектите
- Следење на социјални аспекти при спроведување и реализација на проекти

1.8. Правни работи

Во рамките на претпријатието постои одделение за општо правни работи и човечки ресурси, каде покрај вршењето на стручно административни и нормативно правни работи согласно законските прописи и правни акти , неопходно е планирање на стратегија за спроведување на политика на континуирано усовршување на вработените и тоа:

- Подобрување на организационата поставеност и одговорност во извршувањето на работните обврски
- Проверка и унапредување на знаењето, преку организирање на обуки, семинари, работилници и сл.
- Постојано следење на измените на законските прописи и следење на техничко технолошките иновации.
- Исполнување на неопходниот фонд на часови обука за овластени сметководители, како и неопходни обуки за јавните набавки
- Стекнување на потребните звања, полагање на задолжителните испити за добивање на сертификати и лиценци.
- Спроведување и имплементација на процедурите од ISO 9001 стандардите, како и имплементација на нови стандарди и процедури.
- Обука и континуирано усовршување на вработените за контрола и следење на SKADA системот.

1.9. Финансиски прашања и јавни набавки

Во склоп на Секторот за финансиски, правни и општи работи постојат две одделенија и тоа 1.*Одделение за финансии* и 2.*Одделение за општо правни работи и човечки ресурси*, каде што се водат постапките за спроведување на јавните набавки врз основа на донесениот План за јавни набавки и нивна реализација по квартали.

Сметководствената политика на претпријатието е во согласност со актуелните законски прописи. Евиденцијата на сите деловни настани се води аналитички според Правилникот за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план (Сл. весник на РМ 174/11). Основа за подготовка на годишната сметка на претпријатието е согласно Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр.28/04 ,84/05 ,25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11) и Правилникот за водење на сметководството (Сл. весник на РМ бр. 159/09,164/10 и 107/11) – Меѓународни сметководствени стандарди МСС, како и Меѓународните стандарди за финансиско известување МСФИ. Годишната сметка е изготвена со примена на методата на

набавна вредност и принципот на континуитет во работењето, па истата ги содржи Билансот на состојбата – извештај за финансиската состојба и Билансот на успех- извештај за добивка или загуба од финансиското работење.

1.10. Дигитализација

Во рамките на претпријатието се спроведени повеќе процеси, форми и решенија во поглед на брзо и ефикасно функционирање преку воспоставување на целосна дигитализација и електонска комуникација како внатре меѓу одделните сектори во претпријатието, така и надвор спрема деловните субјекти и надлежните институции во државата.

Во дигитална форма се спроведени следните процеси и постапки:

- Електронски извештаи за контрола и следење на SKADA системот кој е во склоп на Синоптик опремата на брана Лисиче
- Спроведување на процедурите од ISO 9001 стандардите
- Спроведување на јавните набавки преку ЕСЈН
- Функционалност и достапност на WEB страната на ЈПВ Лисиче – Велес
- Доставување на материјали и документи во електронска форма на e-vlada
- Користење на електронската платформа за водни услуги преку РКЕВУ за прикачување на документи, барања и извештаи
- Доставување на даночни пријави, даночен биланс и др. обрасци преку системот на е-даноци на УЈП, како и пресметки за исплата преку системот на e-pdd
- Електронско плаќање на налози за исплата од жиро сметка на деловните банки.
- Водење на електронски деловодник за архивско работење
- Водење на сметководството и финансиското работење во електронска форма преку инсталиран софтвер

1.11. Инвестиции

Вкупна вредност на инвестиционите активности: **7.320.000,00** ден.

А. <u>Технички сектор</u>

<u>Тековно инвестиционо одржување</u>

РЕД БР.	ОПИС НА ПОЗИЦИЈАТА	ПРВ КВАРТАЛ	ВТОР КВАРТАЛ	ТРЕТ КВАРТАЛ	ЧЕТВРТ КВАРТАЛ	ВКУПНО
1	Тековно одржување, замена на резервни делови и редовна контрола на хидраулични системи на брана Лисиче				100.000	**100.000**
2	Контрола и сервис на катодна заштита на цевководот од излезна градба до тиролскиот зафат		10.000	10.000	10.000	**30.000**
3	Геодетски мерења на брана „Лисиче" при мин. и макс. ниво на водата (две мерења)и брана Отовица (едно мерење) со изработка на елаборати.	250.000	100.000			**350.000**
4	Изработка на студии за анализа-регистрација на силни земјотреси за брана „Лисиче" и за брана Отовица	250.000				**250.000**
5	Сеизмички мониторинг, одржување на сеизмолошки инструменти за брана „Лисиче" и за брана Отовица со изработка на елаборати	300.000				**300.000**
6	Изработка на елаборати за анализа и оценка на стабилноста и функц. на браните со придр. објекти околу браните и акумулациите „Лисиче" и Отовица		120.000			**120.000**
7	Испитување на громобранска инсталација, заземјување и високонапонски изолациони средства		150.000			**150.000**
8	Сервисирање и одржување на дизел електричен агрегат			80.000		**80.000**
9	Поправка на мерачите на проток		100.000			**100.000**

10	Сервисирање на трансформатор		30.000			**30.000**
11	Поправка и одржување на парно греење на брана Лисиче	30.000				**30.000**
12	Сервисирање на противпожарни апарати			30.000		**30.000**
13	Сервисирање и одржување на лабораториска опрема во микробилошока лабораторија		65.000			**65.000**
14	Набавка на оксидна боја за затворачите		30.000			**30.000**
15	Детален преглед и одржување на крановите				40.000	**40.000**
16	Мерење на нанос на акумулација Лисиче		300.000			**300.000**
17	Калибрација на мерни уреди во лабораторија на брана Лисиче		25.000			**25.000**
	ВКУПНО:	830.000	930.000	120.000	150.000	**2.030.000**

Нови инвестиции

1	Анализа на состојбата и стабилноста на браната Отовица на акумулацијата на езеро Младост со изнаоѓање на предлог решенија за санација			500.000		**500.000**
2	Набавка и поставување на метеоролошка станица				190.000	**190.000**
3	Проектирање и ревизија на проект за изведба на шахта на доводниот цевковод		30.000			**30.000**
4	Изведба на шахта со кукичка за вградување на протокомер на доводниот цевковод			180.000		**180.000**
5	Инјектирање на бетонската основа на круната на брана Отовица на езеро Младост				1.000.000	**1.000.000**
6	Доградба на административна просторија од 16 м2 на управната барака			260.000		**260.000**
	ВКУПНО:	0	30.000	940.000	1.190.000	**2.160.000**

***Трошоци за тековно работење* : 12.400.000,00 ден.**

Б.Сектор за финансиски,правни и општи работи

Услуги за поддршка на инвестициони работи

	ВКУПНО:	0	0	0	0	**0**

Набавка на опрема,возила, мебел и канцелариски инвентар

1	Набавка и поставување на инструменти за регистрација на силни земјотреси на брана Лисиче (50% учество МКД буџетски средства по апликација за донација од ЦМСР Словенија – 1.565.000 ден.)			3.130.000		**3.130.000**
	ВКУПНО:			3.130.000		**3.130.000**

***Трошоци за тековно работење*: 12.400.000,00 ден.**

ПРИХОДИ:

Приходи од основната дејност

Вид на приходот	Назив на приходот	Вредност во денари
А	Приходи од продажба на вода за пиење	25.400.000
Б	Приходи од вода за наводнување	1.000.000
В	Приходи од Буџет на РМ - Субвенции и трансфери	2.500.000
Г	Приходи од Буџет на РМ за отплата на главнина	20.610.000

Останати приходи

Вид на приходот	Назив на приходот	Вредност во денари
А	Сопствени средства од жиро сметка	(1.500.000)
Б	Приходи од Буџет на РМ за отплата на камата	860.000
В	Приходи од камати и останати приходи	155.000
Г	Приходи по основ на донација 50% од ЦМРС Словенија	1.565.000

ВКУПНО ПРИХОДИ: 52.090.000

РАСХОДИ:

Расходи од основната дејност

Вид на расходот	Назив на расходот	Вредност во денари
А	Трошоци за материјали, рез.делови, енергија ,ситен инвентар и др. нематеријални трошоци	4.460.000
Б	Трошоци за услуги и одржување	1.370.000
В	Трошоци за бруто плати и надоместоци на вработени	18.940.000
Г	Трошоци за амортизација на основни средства	62.000.000
Д	Трошоци за инвестиционо одржување и услуги	2.030.000

Останати расходи

Вид на расходот	Назив на расходот	Вредност во денари
А	Трошоци за нови инвестиции, опрема возила и канц.инв	(5.290.000)
Б	Расходи за камата од кредити од странство	860.000
В	Останати финансиски расходи	30.000
Г	Планирана загуба од редовното работење	- 37.600.000

ВКУПНИ РАСХОДИ: 89.690.000

По БИЛАНС НА УСПЕХ: Приходи 53.590.000 - 1.500.000 = **52.090.000**
Расходи 24.800.000 + 62.000.000 + 860.000 + 2.030.000 = **89.690.000**
Планирана загуба од редовното работење:- **37.600.000**

Образложение: Расходите за нови инвестиции, опрема, возила и канцелариски инвентар директно не се вклучени во вкупните расходи од работењето, туку во зависност од стапката на амортизација се пренесуваат на контото – Трошоци за амортизација на основни средства.
Отплатата на двете рати од главниот долг за кредитот од странство, не се смета за расход, туку тоа претставува намалување на обврските за долгорочен кредит од странство.
Загубата од редовното работење произлегува од пресметаната амортизација на основните средства, намалена за износот на отплатата на главнината по кредитот и дел од трошоците за нови инвестиции и опрема, каде трошокот не се пресметува на годишно ниво, туку во зависност од стапката на амортизација се распределува во секоја наредна година.

ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО:

ред бр.	Конто	Опис	Планирано 2024 1	Остварено 2023 2	Остварено 2024 3	Индекс оств.2024 /пла.2024 3 : 1	Индекс 2024/ 2023 3 : 2
I		***Вкупни приходи***	**52.090.000**	**46.529.101**	**50.770.720**	**98**	**109**
1	767	Средства од буџет (Субвенции и трансфери)	2.500.000	2.500.000	2.500.000	100	100
2	767	Буџет на РМ – отплата на главнина	20.610.000	20.774.358	20.752.935	101	100
3	767	Буџет на РМ – камата по кредит	860.000	853.675	787.439	92	92
4	740	Приходи од продажба на вода за пиење	25.400.000	21.761.280	26.042.240	103	120
5	740	Приходи од вода за наводнување	1.000.000	557.268	679.023	68	122
6	760	Приходи од продажба на основни средства (возила)	0	70.853	0	0	0
7	769, 774	Приходи од камата и останати приходи	155.000	11.667	9.083	6	78
8.	767	Приходи по основ на донација 50% од ЦМРС Словенија	1.565.000	0	0	0	0
II		***Вкупни расходи***	**89.690.000**	**86.283.744**	**88.597.786**	**99**	**103**
1.	400	Трошоци за суровини и материјали	200.000	185.676	172.684	86	93
2.	401	Трошоци за материјали	280.000	269.237	282.342	101	152
3	403	Трошоци за енергија	1.350.000	1.358.699	1.418.617	105	105
4.	405	Потрошени резервни делови	200.000	123.404	152.442	76	124
5.	408	Трошоци за ситен инвентар	210.000	145.528	81.453	39	56
6.	410	Транспортни услуги	480.000	457.184	385.679	81	85
7.	411	Поштенски, телеф. услуги и интернет	310.000	320.683	310.414	100	97
8.	413	Услуги за одржување и заштита	110.000	88.025	72.326	66	82
9	4131	Трошоци за инвестиционо одржување	2.030.000	1.609.307	2.123.006	105	132
10	415	Комунални услуги	90.000	90.509	93.014	103	103
11	419	Останати услуги	380.000	430.166	349.353	92	81
12	420	Плата и надоместоци на плата	18.200.000	15.453.746	17.222.706	95	112
13	422	Останати трошоци на вработените	740.000	735.253	874.707	118	119
14	430	Амортизација на нематер. и материјални средства	62.000.000	62.038.805	62.074.343	100	100
15	440	Дневници за службено патување и патни т-ци	15.000	0	19.632	131	0
16	441	Надоместоци на трошоците на вработени	180.000	145.945	175.066	97	120
17	442	Трошоци за надомест на УО и НО	1.200.000	1.115.977	1.148.924	96	103

18	444	Трошоци за репрезентација	150.000	41.951	70.876	47	169
19	445	Премии за осигурување	20.000	0	13.765	69	0
20	446	Банкарски услуги и трошоци на платен промет	80.000	85.904	86.663	108	101
21	447	Даноци и прид. кои не зависат од резулт.	35.000	39.252	41.262	118	105
22	449	Останати трошоци од работењето	540.000	541.520	477.682	89	88
23	456	Вредносно усогласување на залихите на рез. делови	0	1.653	49.255	0	3.081
24	469	Останати расходи од работењето	25.000	0	0	0	0
25	474	Договорени камати од кредитни односи	860.000	853.675	764.889	89	90
26	475	Расходи по основ на негат. курсни разлики	0	151.587	136.352	0	90
27	479	Договорени казнени камати	5.000	58	334	7	576
		ДОБИВКА/ЗАГУБА од работењето	**-37.600.000**	**-39.754.643**	**-37.827.066**	**101**	**95**
		ПРИХОДИ(поФинансиски план за 2024 год.)	24.800.000	21.772.947	25.351.323	102	117
		РАСХОДИ(поФинансиски план за 2024 год.)	24.800.000	21.630.370	23.499.196	95	109
		ДОБИВКА/ЗАГУБА по Финансискиот план	**0**	**142.577**	**1.852.127**	**0**	**1.295**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ПО ОДДЕЛНИ СТАВКИ КАДЕ ИМА ОТСТАПУВАЊА:

1. **Вкупните приходи** изнесуваат 98% од планираните за 2024 год. и зголемување, односно 109% во однос на претходната година што претставува реално остварување на приходите врз основа на тоа што е планирано, каде покрај буџетските средства најголемо остварување е забележано кај приходите од вода за пиење.
2. Приходите од вода за пиење се остварени 103% во однос на планираните за 2024 год. додека истите изнесуваат 120% во однос на претходната 2023 година.
3. **Вкупните расходи** изнесуваат 99% од планираните за 2024 год., додека во однос на претходната година тие изнесуваат 103%.
4. Отстапување има кај контото 401 –Трошоци за материјали кој се повисоки за 1% во однос на планираните за 2024 год., додека во однос на претходната година тие се повисоки за 52%.
5. Отстапување има кај контото 403 – Трошоци за енергија во однос на планираното за 5%, додека во однос на претходната година има зголемување исто за 5% заради зголемувањето на цената на електричната енергија, како и кај трошоците за гориво заради високата цена.
6. Кај контото 415 – Комунални услуги – има зголемување од 3% во однос на планираното и 3% во однос на претходната година заради зголемената цена на комуналните услуги.
7. Кај контото 419 – Останати услуги има зголемување од 8% во однос на планираното и 3% во однос на претходната година пред се заради трошоците за проверка на квалитетот и исправноста на водата за пиење и наводнување од овластени институции.
8. Кај контото 420 – Плати и надоместоци од плати нема зголемување во однос на планираното за 2024 год., тие се пониски за 5%, додека споредено со претходната година има зголемување од 12% заради зголемување на минималната плата на вработените.
9. Кај контото 422 - Останати трошоци на вработените има зголемување од 18% во однос на планираното за 2024 год., додека во однос на претходната година зголемувањето е 19%, кое се должи на исплатени надомести за помош во случај на смрт на вработен и помошти во случај на смрт на член на семејството на вработени лица.

10. Кај контото 440 - Дневници за службено патување и патни т-ци има зголемување од 31% само во однос на планираното за 2024 година, додека во претходната година нема реализирано службено патување во странство.
11. Кај контото 441 – Надоместоци на трошоците на вработени има зголемување само во однос на претходната година од 20%, исто и кај конто 442 – Трошоци за надомест на УО и НО од 3% и кај конто 444 – Трошоци за репрезентација од 69%.
12. Кај контото 446 – Банкарски услуги и трошоци на платен промет, има зголемување од 8% во однос на планираното и 1% во однос на претходната година, заради исплатените провизии по кредитот од странство преку трезорската сметка на НБРМ.
13. Кај контото 447 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот има зголемување од 18% во однос на планираното и 5% поголем износ од претходната година, заради уплата на членарини во овластени институции и комори.
14. Останатите конта се во рамките на предвидените износи и кај нив нема поголеми отстапувања или зголемување на износите.

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА 2024 ГОДИНА:

ЈПВ Лисиче Велес остварува приходи од продажба на сурова вода кон ЈКП Дервен од Велес, приходи од вода за наводнување, приходи од Буџетот на РМ и останати приходи.
Цената на суровата вода која ја наплаќа претпријатието од ЈКП Дервен Велес изнесува 4,48 ден./м^3 започнувајќи од 01.01.2024 год., односно 4,51 ден./м^3 за 2025 и 4,55 ден./м^3 за 2026 год., врз основа на Ценовникот за висината на цената на суровата вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче Велес кон ЈКП Дервен Велес кој е донесен од Управниот одбор на ден 25.09.2023 год. по Решение од Регулаторна комисија за енергетика на РМ бр. УП1 08-298/23 од 07.09.2023 год., усвоен со Одлука за давање на согласност од Владата на РМ бр.41-10616/7 од 14.11.2023 год. и објавен во Службен весник на РМ бр.243/2023.
Договорот за испорака на сурова вода помеѓу ЈПВ Лисиче-Велес и ЈКП Дервен од Велес е склучен на ден 12.12.2023 год. и истиот ќе се применува до 31.12.2026 год.
Претходно цената на суровата вода изнесуваше 3,84 ден./м^3.
Наплатата од приходите за испорака на сурова вода за пиење изнесува 77%, односно не се наплатени две доспеани и една недоспеана фактура од 2024 година..
За 2024 година остварен е негативен финансиски резултат – **Загуба во износ од 37.827.066,00 денари.**
Во однос на тековното работење на претпријатието, без трошоците кој не се предвидени во Финансискиот план за 2024 год. (трошоци за амортизација, камата по кредит, трошоци за инвестиционо одржување и услуги, негативни курсни разлики), **Финансискиот резултат е позитивен, односно приходите се повисоки од расходите за 1.852.127,00 денари.**

СОСТОЈБА НА ВКУПНО НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ:

ЈПВ Лисиче - Велес има ненаплатено побарување од ЈКП Дервен – 10.925.647,00 денари, како и други помали износи од индивидуални производители.
Вкупните побарувања на претпријатието со состојба на 31.12.2024 год. изнесуваат **10.930.758,00** денари.

СОСТОЈБА НА ВКУПНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИТЕ:

Спрема добавувачите во земјата, кој обврски произлегуваат од тековните трошоци на работењето на претпријатието ЈПВ Лисиче - Велес ги има следниве обврски:
ЕВН Хоум - 226.542,00 ден., Македонски Телеком – 1.089,00 ден., Ива 2003 – 11.325,00 ден., Ла – би – 35.958,00 ден., А1 Македонија – 27.546,00 ден., Макпетрол – 14.958,00 ден., Македонска пошта – 2.970,00 ден., Биро за јавни набавки – 2.124,00 ден. и други помали износи кои произлегуваат од тековните обврски.

ЈПВ Лисиче по однос на обврски кон изведувачите на работите кој произлегуваат од извршени инвестициони активности има обврски спрема Алфа Геодет – 354.000,00 ден., Радиотек – 118.000,00 ден., Фармахем сервис – 19.942,00 ден. и СИМТ – 224.200,00 ден..
Вкупните обврски на претпријатието заклучно со 31.12.2024 год. изнесуваат **1.085.595,00** ден.
До денот на поднесување на извештајот, најголемиот дел од обврските се веќе подмирени.

.

АНАЛИЗА НА БРОЈНАТА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ:

Во ЈПВ Лисиче Велес, вработени се вкупно 25 лица на неопределено работно време, додека по договор за дело имаме ангажирано 1(едно) лице за вршење на повремени услуги или просечен број на вработени вкупно 26 лица.

Структурата по образование на вработените е следна:

1. Високо образование ВСС VII / 2 - 2
2. Високо образование ВСС - VII /1 - 11
3. ССС - 9
4. Основно образование – 3

ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР:

Просечно исплатената нето плата е прикажана во Табела бр. 1, односно таа изнесува 36.705,00 денари вкупно за сите вработени лица на неопределено и определено време.
Нето платата на директорот на претпријатието изнесува 60.564,00 денари.
ЈПВ Лисиче според Статутот на претпријатието како органи на управување има Управен одбор составен од 7 (седум) члена, додека Надзорниот одбор за контрола на материјалното и финансиското работење брои 3 (три) члена,. Согласно Одлуката на Управниот одбор бр. 02-398/8 донесена на 08.11.2017 год. надоместокот за претседателот на УО изнесува 12.000,00 ден., за заменик претседателот 11.000,00 ден. ,додека надоместоците за членовите на УО изнесуваат по 10.000,00 денари.
Со Одлука бр. 02-398/9 од 08.11.2017 год. надоместокот за претседателот на Надзорниот одбор изнесува 9.000,00 ден. , додека за членовите на НО надоместокот изнесува 7.000,00 ден.
За членовите на Управниот одбор надоместоците се исплатуваат паушално за секој месец, додека за членовите на Надзорниот одбор тие се исплатуваат од одржана седница.

СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИТЕ И БЛАГАЈНАТА:

ЈПВ Лисиче располага со три (3) денарски сметки во различни банки, односно депонент е на Централна кооперативна банка, Халкбанк и Комерцијална банка.
Вкупниот износ на парични средства, односно состојбата на жиро сметките заклучно со 31.12.2024 год. изнесува **2.989.061,00** денари.
Состојбата на благајната заклучно со 31.12.2024 год. е **2.272,00** ден.
Девизната сметка на ЈПВ Лисиче Велес е затворена од претходно.

ДРУГИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО:

1. ИСПОРАЧАНА КОЛИЧИНА НА СУРОВА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

ЈПВ Лисиче Велес во текот на 2024 год. има испорачано вкупно 5.813.000 м3 сурова вода за пиење на ЈКП Дервен од Велес по цена од 4,48 ден. за 1м^3 и има остварено приходи по тој основ од 26.042.240,00 ден.
Во 2023 год. се испорачани вкупно 5.667.000 м3 сурова вода за пиење и се остварија приходи во износ од 21.761.280,00 ден. или споредбено со 2024/2023 год. имаме остварено за 20% повисоки приходи од вода за пиење.

2.НАВОДНУВАЊЕ ВО 2024 ГОД., КОЛИЧИНИ, ЦЕНИ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ

Во текот на 2024 год. склучени се вкупно 52 договори со водокорисници за наводнување, од кој 48 со физички лица а 4 договори со правни лица. за вкупно наводнувана површина од 128,125 хектари.

Индивидуалните земјоделски производители вкупно наводнуваа 60,125 хектара, додека правните лица наводнуваа вкупно 68,0 хектара.

Приходите од вода за наводнување за 2023 год. изнесуваа 557.268,00 ден., додека истите во 2024 год. изнесуваат 679.023,00 ден. што споредбено имаме остварено 68% во однос на планираното за 2024 год. и 122% во однос на претходната година.

Во текот на 2023 год. имаме склучено вкупно 48 договори со земјоделските производители, од кој 8 договори се со правни лица, додека 40 договори со физички лица за вкупно наводнувана површина од 103,208 хектари.

Цените на водата за наводнување останаа исти како и од претходниот период, односно по 1,80 ден. за 1м3 во зависност од предвидената количина на вода за секоја земјоделската култура посебно одредена со ценовникот.

Податоци за планирани и реализирани површини за наводнување 2024 год.

р. бр.	Вид на култура	наводнувана површина во ха 2023	наводнувана површина во ха 2024
1.	Бостан	0,5	2,5
2.	Овоштарници	0,355	0,577
3.	Корнишони	12,0	12,0
4.	Пченка	0	0
5.	Круши	0,482	0,682
6.	Лозја	52,345	62,259
7.	Кајсии	3,527	3,527
8.	Детелина	8,758	8,05
9.	Силажна пченка	2,847	6,739
10.	Пченка во зрно	7,33	6,548
11.	Тутун	9,485	10,496
12.	Орев	1,039	4,275
13.	Домати	1,845	6,971
14.	Пиперки	0	0,4
15.	Дињи	0,1	0,5
16.	Лешници	2,415	1,915
17.	Градинарски култури	0,18	0,181
18,	Други култури	0	0,507
	Вкупно:	**103,208 ха**	**128,125**

ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ НА ВРАБОТЕНИТЕ:

Вкупен број на вработени: 25
Просеечен број на вработени во 2024 год.: 26

Преглед на износите на плати по работни места:

р.б.	работно место	ниво / звање	вкупен број на бодови	основна бруто плата	основна нето плата
1.	- Директор			89.311	58.901
1.1	- Помошник директор / Советник за социјални аспекти при спровед. и реализација на проекти	А01	911	74.323	49.116
2.	- Раководител на сектор за финансиски, правни и општи работи, - Технички раководител	Б2 А01	897 897	73.181 73.181	48.376 48.376
3.	- Раководител на одделение за финансии - за општо правни работи и чов. ресурси - за водостопанство - за електро машински работи	Б4 Б4 А03 А03	714 714 719 719	58.257 58.257 58.630 58.630	38.705 38.705 38.946 38.946
4.	- Главен инженер за градежни работи - Одговорен градежен инженер	Б01 Б01	714 714	58.257 58.257	38.705 38.705
5.	- Советник за финанс. сметководство - Советник за адм. прав. раб и чов. ресу - Советник за спров. на јавни набавки - Помлад соработник за екон. прашања	В1 В1 В1 В4	670 670 670 581	54.666 54.666 54.666 47.410	36.378 36.378 36.378 31.676
6.	- Одговорен инж. за микр.монит. на вода - Одговорен инж. за биох. анал. на вода - Одговорен машински инженер - Електро инженер - Инж. за поддр. на компј. сист. и комун. - Градежен инженер	Б01 Б01 Б01 Б01 Б01 Б01	670 670 670 670 642 642	54.666 54.666 54.666 54.666 52.391 52.391	36.378 36.378 36.378 36.378 34.904 34.904
7.	- Лаборант за бактер. анализа на вода	Б01	642	52.391	34.904
8.	- Архивар	Г1	482	39.300	26.421
9.	- Одговорен оператор за одржување на објекти и опрема	Б03	485	39.561	26.590
9.1	- Оператори за одржување на објекти и опрема	Б03	455	37.118	25.006
9.2	- Бравар	Б03	455	37.118	25.006
10.	- Ракувач со градежна машина - Возач (Евидентичар)	В01 Б04	432 425	35.287 34.658	23.820 23.412
11.	- Портир евидентичар - Општ работник	А02 А03	419 419	34.168 34.168	23.095 23.095
12.	- Хигиеничар	А03	411	33.515	22.672

Изготвил:
Ѓорѓи Аврамов

ВД Директор
Ванче Мојсевски

Финансиски извештај за работењето

Освен позициите од Биланс на состојба и Биланс на успех, во Годишниот извештај задолжително да бидат вградени и следните прегледи:

	СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ	Квартал 1				Квартал 2				Квартал 3				Квартал 4				Вкупно
		План 2024	Реализац. 2024	Реализација 2023	Реал / План 2024	План 2024	Реализац. 2024	Реализација 2023	Реал / План 2024	План 2024	Реализац. 2024	Реализац. 2023	Реал / План 2024	План 2024	Реализац. 2024	Реализац. 2023	Реал / План 2024	План 2024
	Приходи од дејноста																	
1	**А** Приходи од пре. на вода за пиење	5.600.000	5.604.480	4.642.560	100	6.200.000	6.361.600	5.091.840	103	7.600.000	7.624.960	6.846.720	100	6.000.000	6.451.200	5.180.160	108	25.400.000
2	**Б** Приходи од вода за наводнување	50.000	54.304	20.869	109	300.000	249.796	194.491	83	200.000	83.482	337.469	42	450.000	291.441	4.439	65	1.000.000
3	**В** Приходи од буџет -суб. и трансфери	0	0	0	0	0	0	0	0	2.500.000	0	2.500.000	0	0	2.500.000	0	0	2.500.000
4	**Г** Приходи од буџет – отп. на главнина	10.300.000	10.388.247	10.398.844	101	0	0	0	0	10.310.000	10.221.753	10.154.665	99	0	142.935	220.849	0	20.610.000
5	Д /	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
6	**Вк. оперативни приходи** (1+2+3+4+5)	**15.950.000**	**16.047.031**	**15.062.273**	**101**	**6.500.000**	**6.611.396**	**5.286.331**	**101**	**20.610.000**	**17.941.595**	**19.838.854**	**87**	**6.450.000**	**9.385.576**	**5.405.448**	**146**	**49.510.000**
	Останати приходи																	
7	**А** Сопствени с-ва од жиро сметка	(200.000)	(400.000)	(600.000)	200	(500.000)	(250.000)	(300.000)	50	(500.000)	(50.000)	(200.000)	10	(300.000)	(600.000)	(150.000)	200	(1500.000)
8	**Б** Приходи од прод. на осн. с-ва (возила)	0	0	70.853	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
9	**В.** Приходи од буџет - камата	430.000	410.855	447.283	96	0	0	0	0	430.000	365.184	406.392	85	0	0	0	0	860.000
10	**Г** Приходи од камати и ост. прих.	40.000	1.386	4.066	4	40.000	1.386	4.829	4	40.000	1.386	1.386	0	35.000	4.919	1.386	14	155.000
11	**Д** Приходи од донација 50% од ЦМРС Словенија	0	0	0	0	0	0	0	0	1.565.000	0	0	0	0	0	0	0	1.565.000
12	**Вк. останати приходи** (7+8+9+10+11)	**470.000**	**412.241**	**522.202**	**88**	**40.000**	**1.386**	**4.829**	**4**	**2.035.000**	**366.570**	**407.778**	**18**	**35.000**	**4.919**	**1.386**	**14**	**2.580.000**
13	**Вкупно приходи** (6+12)	**16.420.000**	**16.459.272**	**15.584.475**	**100**	**6.540.000**	**6.612.782**	**5.291.160**	**101**	**22.645.000**	**18.308.165**	**20.246.632**	**81**	**6.485.000**	**9.390.495**	**5.406.834**	**145**	**52.090.000**

СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ	Квартал 1				Квартал 2				Квартал 3				Квартал 4				Вкупно
	План 2024	Реализац. 2024	Реализација 2023	Реал / План 2024	План 2024	Реализац. 2024	Реализација 2023	Реал / План 2024	План 2024	Реализац. 2024	Реализац. 2023	Реал / План 2024	План 2024	Реализац. 2024	Реализац. 2023	Реал / План 2024	План 2024
Расходи од дејноста																	
А Трошоци за материјали, рез.д. енер.	1.120.000	1.021.271	1.155.161	91	1.120.000	907.888	1.140.741	81	1.120.000	857.640	745.611	77	1.100.000	1.310.680	1.028.550	119	4.460.00
Б Трошоци за услуги и одржув.	340.000	266.041	337.240	78	345.000	291.375	304.173	84	345.000	345.346	375.154	100	340.000	320.644	367.515	94	1.370.00
В Трошоци за бруто плати на вработени	4.270.000	4.267.433	3.563.030	100	4.380.000	4.444.708	3.870.862	102	5.450.000	5.034.598	4.580.713	92	4.840.000	4.350.674	4.174.394	90	18.940.00
Г Трошоци за амортизација	15.500.000	15.509.701	15.482.720	100	15.500.000	15.509.701	15.482.720	100	15.500.000	15.509.701	15.482.720	100	15.500.000	15.509701	15.482720	100	62.000.00
Д Трошоци за инвест. одржување	830.000	872.641	593.775	105	930.000	349.796	307.624	38	120.000	63.000	140.403	53	150.000	834.527	567.505	556	2.030.00
Вк. оперативни расходи (1+2+3+4+5)	**22.060.000**	**21.937.687**	**21.131.926**	**99**	**22.275.000**	**21.503.468**	**21.106.120**	**97**	**22.535.000**	**21.810.285**	**21.324.601**	**97**	**21.930.000**	**22.326226**	**21.620684**	**102**	**88.800.00**
Останати расходи																	
А Трошоци за нови инвест. и опрема	(0)	(176.000)	0	0	(30.000)	0	0	0	(4.070.000)	(0)	(1.190600)	0	(1.190.000)	(190.000)	(100.495)	16	(5.290.000
Б Расходи за камата по кредити	430.000	399.705	447.283	93	0	0	0	0	430.000	365.184	406.392	85	0	0	0	0	860.00
В Останати финансиски расходи	0	0	0	0	10.000	91	0	1	10.000	16	0	0	10.000	227	58	2	30.00
Г Загуба од редовното работење	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	37.600.00
Д /	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	
Вк. останати расходи (7+8+9+10+11)	**430.000**	**399.705**	**447.283**	**93**	**10.000**	**91**	**0**	**1**	**440.000**	**365.200**	**406.392**	**83**	**10.000**	**227**	**58**	**2**	**890.00**
Вкупно расходи (6+12)	**22.490.000**	**22.336.792**	**21.579.209**	**99**	**22.285.000**	**21.503.559**	**21.106.120**	**97**	**22.975.000**	**22.175.485**	**21.730.993**	**97**	**21.940.000**	**22.326453**	**21.620742**	**102**	**89.690.00**

ОШОЦИ ПЛАТИ И ИДОНЕСИ	4.270.000	4.267.433	3.563.030	100	4.380.000	4.405.432	3.801.012	101	4.725.000	4.322.458	3.915.310	92	4.825.000	4.227.383	4.174.394	88	**18.200.000**
ОСЕЧЕН ОЈ НА АБОТЕНИ	**26**	**26**	28	**100**	**26**	**26**	27	**96**	**29**	**26**	26	**90**	**29**	**26**	25	86	**29**

	СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА [1]	СОСТОЈБА за претходна година	АМОРТИЗАЦИЈА за претходна година	СОСТОЈБА од тековна година	АМОРТИЗАЦИЈА за тековна година	ПРЕДВИДЕНА АМОРТИЗАЦИЈА за тековна година	Процент на промена на основни средства (%)	Процент на промена на амортизација (%)
	МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА							
1	Имот, машини и опрема	2.999.481.613	61.636.885	2.938.173.950	61.673.663	61.634.000	98%	100%
2	Возила	1.474.794	259.822	1.214.972	259.822	250.000	82%	100%
3	Мебел и вградување на мебел	133.844	76.038	59.046	74.798	50.000	44%	99%
4	Останати материјални основни средства	10.046.576	0	10.046.576	0	0	100%	0
5	**Вкупно материјални средства** (1 + 2 + 3 + 4)	**3.011.136.827**	**61.972.745**	**2.949.494.544**	**62.008.283**	**61.934.000**	**98%**	**100%**
	НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА							
6	Дадени аванси	0	0	0	0	0	0	0
7	Права	264.240	66.060	198.180	66.060	66.000	75%	100%
8	Гудвил	0	0	0	0	0	0	0
9	Трошоци за истражување и развој	0	0	0	0	0	0	0
10	Други нематеријални средства	0	0	0	0	0	0	0
11	**Вкупно нематеријални средства** (6 +7 + 8 + 9 + 10)	**264.240**	**66.060**	**198.180**	**66.060**	66.000	**75%**	**100%**
12	**Вкупно расходи** (5 +11)	**3.011.401.067**	**62.038.805**	**2.949.692.724**	**62.074.343**	**62.000.000**	**98%**	**100%**

[1] Овој преглед се доставува за секој Квартал поединечно

	ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ	ИЗНОС на основица	ИЗНОС на камата	Каматна стапка	Износ на годишен ануитет	Вкупно исплатено	Преостанат долг	Преостаната камата	Времетраење (од - до, Вк. години)
	КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ								
1	Кредит 1 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
2	Кредит 2 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
3	Кредит 3 Банка Б	0	0	0	0	0	0	0	0
4	Кредит 4 Банка В	0	0	0	0	0	0	0	0
5	**Вкупно краткорочни кредити** (1 + 2 + 3 + 4)	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
	ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ								
6	Кредит 1 – ICO -Кралство Шпанија	6.869.503€	12.356€	0,3%	347.453€	3.183.428€	3.686.075€	/	2005-2035/31г.
7	Кредит 2 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
8	Кредит 3 Банка Б	0	0	0	0	0	0	0	0
9	Кредит 4 Банка В	0	0	0	0	0	0	0	0
10	**Вкупно долгорочни кредити** (6 +7 + 8 + 9)	6.869.503€	12.356€	0,3%	347.453€	3.183.428€	3.686.075€	/	2005-2035/31г.
10	**Вкупно** (5 +10)	6.869.503€	12.356€	0,3%	347.453€	3.183.428€	3.686.075€	/	2005-2035/31г.


по месеци, во илјади денари

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	Вкупно
Нето добивка / загуба по оданочување	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**- 37.600**
Амортизација на материјални средства	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**62.000**
Вредносно усогласување на тековни средства	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
Побарувања од купувачите	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**8.200**
Залихи	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**2.928**
Обврски кон добавувачи	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**450**
АВР	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
ПВР	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
Парични средства од оперативни активности	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**23.970**
Парични средства од инвестиции	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.500**
Парични средства од финансиски активности	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**21.470**
Краткорочни обврски	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
Долгорочни обврски	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**21.470**
Капитал	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**2.932.869**
Исплатена дивиденда	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
Нето зголемување / намалување на паричните текови	**1.291**	**-548**	**426**	**-1.407**	**-232**	**259**	**-363**	**230**	**-206**	**-196**	**56**	**2.177**	**1.487**
Парични средства на почетокот на периодот	**1.502**	**2.793**	**2.245**	**2.671**	**1.264**	**1.032**	**1.291**	**928**	**1.158**	**952**	**756**	**812**	**1.502**
Парични средства на крајот на периодот	**2.793**	**2.245**	**2.671**	**1.264**	**1.032**	**1.291**	**928**	**1.158**	**952**	**756**	**812**	**2.989**	**2.989**

$$\text{Показател на моментална ликвидност} = \frac{\text{Пари и парични еквиваленти (2.989)}}{\text{Краткорочни обврски (1.086)}} = 2{,}75$$

(прифатливо е 1 и повеќе од 1)

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ, ПО МЕСЕЦИ



по квартали, во илјади денари

ПРЕГЛЕД НА КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ	КВАРТАЛ 1			КВАРТАЛ 2			КВАРТАЛ 3			КВАРТАЛ 4			ВКУПНО		
	План[2]	Реали-зација[3]	Промена (%)	План	Реали-зација	Промена (%)	План	Реали-зација	Промена (%)	План	Реали-зација	Промена (%)	План 2024	Реали-зација	Промена (%)
Тековна актива	3.024152	3.009541	99	3.024152	2.993411	99	3.024152	2.979137	98	3.024152	2.966938	98	3.024152	2.966535	98
Тековни обврски	450	363	81	450	480	107	450	256	57	450	1.078	240	450	1.086	241
Вкупно приходи од дејноста	15.950	16.047	101	6.500	6.611	101	20.610	17.942	87	6.450	9.386	146	49.510	49.974	101
Вкупно приходи	16.420	16.459	100	6.540	6.613	101	22.645	18.308	81	6.485	9.390	145	52.090	50.771	98
Вкупно расходи од дејноста	22.060	21.937	99	22.275	21.503	97	22.535	21.810	97	21.930	22.326	102	88.800	87.696	99
Вкупно расходи	22.490	22.337	99	22.285	21.504	97	22.975	22.175	97	21.940	22.326	102	89.690	88.598	99
Трошоци за плата	4.270	4.267	100	4.380	4.405	101	4.725	4.322	92	4.825	4.227	88	18.200	17.223	95
Просечен број на вработени	26	26	100	26	26	100	29	26	90	29	25	86	28	26	93
Вкупно трошоци за кредити	10.730	10.788	101	0	0	0	10.740	10.598	99	0	133	0	21.470	21.540	100
Резерви	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Капитал	2.932869	2.932869	100	2.932869	2.932869	100	2.932869	2.932869	100	2.932869	2.932869	100	2.932869	2.932869	100
Добивка / Загуба	-6.070	-5.878	97	-15.745	-14.891	95	-330	-3.867	1172	-15.455	-12.936	84	-37.600	-37.827	101
Вкупно материјални средства	3.011137	2.995820	99	3.011137	2.970290	99	3.011137	2.964847	98	3.011137	2.949550	98	3.011137	2.949495	98
Вкупно нематеријални с-ва	264	248	94	264	231	88	264	214	81	264	198	75	264	198	75
Вкупно средства	3.011401	2.996068	99	3.011401	2.970521	99	3.011401	2.965061	98	3.011401	2.949748	98	3.011401	2.949693	98

[2] Се пополнува при подготовка на Годишна програма за работа
[3] Се пополнува при доставување на Квартален извештај за работа